Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

Број 02-1645/14

Датум 10.7.2002 година

Врз основа на член 32, а во врска со член 62 од Статутот на Електротехнички факултет-Скопје, а на барање бр. 03-1508/1 од 25.6.2002 година од проф. д-р Боро Пиперевски, Наставно-научниот совет на својата седница одржана на 10.7.2002 година донесе

# ОДЛУКА

за формирање *Центар за инженерска математика*

1. На Електротехничкиот факултет во Скопје се формира ***Центар за инженерска математика*** за едукација на корисниците од областа на теоретските математички основи во областа на електроинженерството, техниката, стопанството и сл. преку организирање на курсеви, семинари и други форми на оспособување.

2. Центарот е сместен во зградата, во просториите каде ќе се изведува оспособување и во кабинет 313.

3. Почетната опрема, кадровската опременост, можните корисници, очекуваните средства и сл. се утврдени во барањето за основање.

4. Факултетот не превзема никакви финансиски обврски во врска со функционирањето на Центарот.

5. За меѓусебните односи (користење на простор, опрема и сл.) Електротехничкиот факултет и Центарот склучуваат посебен договор.

6. Раководителот на центарот ќе го назначи деканот на предлог на членовите на Центарот .

7. Одлуката да се достави до: основачот, ННС, сметководство, општа служба и архивата на Факултетот.

ДЕКАН

проф. д-р Властимир Гламочанин